**П Р А В И Л Н И К**

**за спроведување електронско јавно наддавање за огласот на бр.03/2019 за Добивање локација со право за поставување на урбана опрема (покриени и непокриени шанкови) на подрачјето на општина Охрид**

1. **Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите правни и физички лица кои доставиле понуди и ги исполниле условите утврдени во објавениот оглас бр. 03/2019.**

2. **Електронското јавно наддавање ќе се врши преку web страната www.eaukcijaohrid.mk.**

3. **За учество на електронското јавно наддавање на понудувачите ќе им биде доделено корисничко име (user) и лозинка (password) со кои ќе се логираат на web страната www.eaukcijaohrid.mk.**

4. **Корисничко име (user) и лозинка (password) се доделуваат и се достапни индивидуално за секој учесник на огласот кој ги исполнил условите објавени во огласот.**

5. **Почетна цена-износ за надавањето на секоја локација, ќе биде највисоко понудената цена на јавното отворање од доставените понуди за таа локација**

6. **Минимален износ со кој може да се лицитира е 1.оо (еден) денар од моментот на највисоко понудената цена**

7. **Максимален износ со кој може да се лицитира е 5.оо (пет) денари за горенаведените локации.**

8. **Доколку на електронското јавно наддавање за определена локација нема повеќе од еден понудувач истиот ќе биде поканет да поднесе конечна цена преку системот.**

9. **Во случај кога на електронското јавно наддавање нема чекор на надавање, за најповолна се смета понудата која поднесена во предвиденот рок (според време-час и датум на поднесување) и е со највисок износ.**

10. **Електронското јавно наддавање ќе се закаже во точно определено време (датум, час и времетраење)**

11. **За датумот, часот и времетраењето на електронското јавно наддавање понудувачите ќе бидат информирани телефонски, со електронска пошта-email согласно контакт податоците од понудата.**

12. **Времетраењето на електронското јавно наддавање може да биде продолжено автоматски доколку во последните 3 минути од предвиденото време за завршување на електронското јавно наддавање понудувачите поднесат нова цена.**

13. **Времетраењето на е-аукцијата се продолжува за уште 3 минути.**

**Комисија за спроведување на огласот бр. 03/2019**

________________________________________